# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.150 од 02.09.2015 година**

### Член 1

Во Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" број 06/12 и 166/14), во членот 37 по ставот (4) се додаваат осум нови ставови (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), и (12), кои гласат:

"(5) За прекршоците утврдени во членовите 38, 39, 40, 41, 42, 43 и 44 од овој закон, државниот инспектор за труд е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоци.

(6) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(7) Во записникот од ставот (6) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(8) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(9) Државниот инспектор за труд е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(10) Во евиденцијата од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(11) Личните податоци од ставот (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(12) Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог."

### Член 2

Во членот 38 во став (1) зборовите: „400 до 600 евра" се заменуваат со зборовите: „70 до 110 евра".

Во ставот (2) зборовите: „600 до 800" се заменуваат со зборовите: „80 до 120" и зборовите: "одговорното лице" се заменуваат со зборовите: "службеното лице".

Во ставот (3) зборовите: „до 1000" се бришат.

### Член 3

Во членот 39 став (1) зборовите: „400 до 600" се заменуваат со зборовите: „70 до 110", а по зборовите: "прекршок на" се додаваат зборовите: "службеното лице во".

Во ставот (2) зборовите: „800 до 1000" се заменуваат со зборовите: „100 до 150",а по зборот "прекршок" се додаваат зборовите: "на службеното лице во субјектот".

### Член 4

Во членот 40 ставови (1), (2) и (3) зборовите: "400 до 600" се заменуваат со зборовите: "70 до 110", а зборовите: "одговорното лице" се заменуваат со зборовите: "службеното лице".

Во ставот (4) зборовите: "800 до 1000" се заменуваат со зборовите: "100 до 150", а зборовите: "одговорното лице" се заменуваат со зборовите: "службеното лице".

Во ставот (5) зборовите: "400 до 600" се заменуваат со зборовите: "70 до 110", а зборовите: "одговорно лице" се заменуваат со зборовите: "службеното лице".

**Член 5**

Во членот 41 став (1) зборовите: „до 800‟ се бришат.
Во ставот (2) зборовите: „400 до 600 евра во денарска противвредност‟ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице‟.

**Член 6**

Во членот 42 зборовите: ‟400 до 600‟ се заменуваат со зборовите: ‟70 до 110‟, а зборовите: ‟одговорното лице‟ се заменуваат со зборовите: ‟службеното лице‟.

**Член 7**

Во членот 43 зборовите: „ до 600‟ се бришат.

**Член 8**

Во членот 44 став (1) зборовите: „400 до 600‟ се заменуваат со зборовите: ‟70 до 110‟.
Во ставот (2) зборовите: „600 до 800‟ се заменуваат со зборовите: ‟600 до 1.200‟, а зборовите: ‟одговорното лице‟ се заменува со зборовите: ‟службеното лице‟.

**Член 9**

По членот 44 се додава нов член 44-а, кој гласи:

**„Член 44-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.‟

**Член 10**

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 11**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија”.